Врз основа на член 29 и 38 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 16/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.265/24,132/25),член 13 став 3 и член 14 од Статутот – пречистен текст на Општинска установа Дом на културата „Крсте Мисирков" -Свети Николе бр. 01-24/2 од 29.07.2020 година и Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ОУ Дом на Културата „Крсте Мисирков" бр.02-74/7 од 21.04.2026 година,Градоначалникот на Општина Свети Николе објавува:

РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
-ГРАДОНАЧАЛНИК-
Бр. 0901-236
16.06. 2026 год.

# ЈАВЕН ОГЛАС

## за избор на Директор на Општинска установа

## Дом на културата „Крсте Мисирков" - Свети Николе

Кандидатите кои ќе се пријават на јавниот оглас за избор на директор на Општинската установа Дом на културата „Крсте Мисирков" - Свети Николе треба да ги исполнуваат следниве услови:

1. да е државјанин на Република Северна Македонија;
2. во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3. има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на високо образование утврдено со статутот на установата-високо образование (од областа на културата и општествените науки) -општествени науки;
4. да има минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело;
5. да има меѓународно признат сертификат или уверение за познавање на англискиот јазик и тоа:ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) – најмалку 30 бода; ИЕЛТС (IELTS) – најмалку 3 бода; КЕТ (KET) (Cambridge English - положен,; АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2); или да има сертификат, уверение или потврда со кое се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски јазик) на најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или странство, регистрирана како давател на оваа услуга, освен за наставниците кои ги предаваат предметите англиски јазик, француски јазик или германски јазик.

6. да достави своја предлог програма за работа и развој за период од четири години на Општинска установа Дом на културата „Крсте Мисирков" - Свети Николе.

Во прилог на пријавата за огласот, кандидатите треба да ја доставаат следната документација:

- Доказ за државјанство
- Доказ за завршено високо образование
- Доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- Доказ за работно искуство;
- Доказ дека поседува еден од погоренаведените меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик.
- Достава на предлог програма за работа и развој за период од четири години на Општинска установа Дом на културата „Крсте Мисирков" - Свети Николе

Потребните документи се поднесуваат во оригинал или копија заверена на Нотар.Рокот за пријавување на јавниот оглас е 8 (осум) дена од денот на неговото објавување во дневните весници.

Директорот се избира со мандат од 4 години.

Работното време во Дом на културата „Крсте Мисирков" - Свети Николе е од 07:30 до 15:30 часот,од понеделник до петок,40 работни часа во неделата,а паричниот износ на нето платата изнесува 56.168 денари.

Пријавата со потребните документи се доставуваат во затворено плико до Управниот одбор на Општинска установа Дом на културата „Крсте Мисирков" -Свети Николе лично во архивата на установата или по пошта на следната адреса : ул. „Плоштад Илинден" број 32 со назнака – за јавен оглас за избор на директор на Општинска установа Дом на културата „Крсте Мисирков" - Свети Николе.
Пристигнатите документи ги разгледува трочлена комисија формирана од Управниот одбор на ОУ Дом на културата „Крсте Мисирков" -Свети Николе, која е должна во рок од 5( пет) дена од завршувањето на огласот да ги разгледа доставените документи. Комисијата доставува предлог на кандидат за Директор до Градоначалникот .
Градоначалникот во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот врши избор на Директор.
Ненавремената, нецелосната и неуредна пријава нема да биде предмет на разгледување.

Општина Свети Николе

Градоначалник

Дејан Владев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАДОНАЧАЛНИК * ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ